«У-6».бр.«131»/«2023»

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Рамије Цара-претседател на советот, Марта Телегравчиска и м-р.Ѓоко Живковски - членови на советот, со записничар Славица Лазороска- виш судски референт, решавајќи по тужбата на тужителот Друштво за производство, промет и услуги Е... Р... ДОО С., преку полномошник Жарко Хаџи-Зафриров адвокат од Адвокатско друштво БОНА ФИДЕ од С., против Одлуката на Владата на Република С.М. за еднострaн раскин на Договорот за ......на локалитетот с.И... Општина Б... бр.45-7466/1 од 16.12.2019 година,одлучувајќи во повторна постапка по решение на Вишиот Управен суд УЖ-2.бр.195/2022 од 09.02.2023 година, апо одржаната јавна расправа на ден 22.03.2023 година, во присуство на полномошникот на тужителот Жарко Хаџи-Зафиров адвокат од С. и претставникот на тужениот орган А... М... од С., согласно член 60 став 3 алинеја 2 од Законот за управните спорови, на ден 30.03.2023 година ја донесе и ја објави следната:

I

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Друштво за производство, промет и услуги Е.. Р.. ДОО С.,СЕ УВАЖУВА.

Оспорената Одлука на Владата на Владата на Република С.М. за еднострaн раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина на локалитетот с.И.. Општина Б....бр.45-7466/1 од 16.12.2019 година, СЕ ПОНИШТУВА и предметот се враќа на тужениот орган на повторно разгледување и одлучување.

Тужениот орган е должен да постапи согласно со пресудата на Управниот суд во рок од 15 дена од денот на правосилноста на пресудата, при што го применува правното сфаќање и дадените забелешки на Управниот суд.

II

Р Е Ш Е Н И Е

Предлогот на тужителот Е.. Р...ДОО С., да се задолжи тужениот орган - Владата на Република С.М. да одлучи по барањето за спојување на концесии бр.24-962/1 од 28.01.2016 година поднесено до Министерството за ..., СЕ ОТФРЛА.

III
РЕШЕНИЕ

Барањето на тужителот преку полномошникот за надомест на трошоците во постапката, СЕ УВАЖУВА.

Се задолжува тужениот орган Владата на Република С.М. преку Министерството за ... да му ги надомести на тужителот трошоците на постапката во вкупен износ од 24.104,00 денари, во рок од 15 дена од правосилноста на Пресудата.

Образложение

Со оспорената Одлука на Владата на Република С.М. (во понатамошниот текст РСМ), Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - руди на бакар и злато на локалитетот “И.....“, Општина Б.. бр.24-4563/1 од 23.09.2014 година и Анекс на Договорот бр.24-4170/1 од 22.06.2015 година, еднострано се раскинуваат од страна на концедентот,бидејќи концесионерот нема поднесено барање за издавање на дозвола за експлоатација на минерална суровина во рок од четири години по склучување на Договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини.Со денот на влегување во сила на оваа Одлука,престанува да важи Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-руди на бакар и злато на Друштвото за производство, промет и услиги Ф... Д.. В... ДООЕЛ С. на локалитетот с.И... општина Б... бр.41-4681/1 од 16.6.2012 година („Службен весник на РМ“ бр.81/12).

Тужителот преку полномошник Жарко Хаџи-Зафиров, адвокат од Адвокатско друштво БОНА ФИДЕ од С., поднесе тужба за управен спор заведена под У-6.бр.721/2021 година, со која ја оспори законитоста на Одлуката на тужениот орган означена во изреката на оваа Пресуда поради повреда на правилата на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Предложи, Судот да донесе Решение со кое ќе се усвои барањето за спојување на постапките за управен спор по наведената тужба и по тужбата заведена под У6.бр.575/2019 како и Судот да донесе пресуда со која тужбата ќе се уважи, а оспорената Одлука поништи и да се задолжи Владата на РСМ да ја одбие Предлог одлуката на Министерството за .. за еднostран раскин на предметниот договор како неоснована и да се задолжи истата да одлучи по Барањето за спојување на концесии бр.24-962/1 од 28.01.2016 година поднесено до Министерството за .., со образложени наводи се како во тужбата.

Тужениот орган ги достави списите по предметот и во одговор на

тужбата даден преку Државно правобранителство (ДП) на РСМ наведе дека оспорената одлука е донесена согласно законот и побара да се одбие тужбата како неоснована.

Во Одговор на одговорот на тужба, сега тужителот преку полномошникот ги оспори наводите на тужениот орган дадени во одговор на тужба и побара од Судот да се усвои тужбата и да се поништи оспорената Одлука како што е наведено во петитумот на тужбата.

Управниот суд, постапувајќи по тужбата, на ден 05.10.2021 година донесе Пресуда У6-бр.721/2021, со која тужбата изјавена против Одлуката на Владата на РСМ за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина на локалитетот с.Иловица Општина Босилово бр.45-7466/1 од 16.12.2019 година, ја одби како неоснована.

Против наведената Пресуда на Управниот суд, тужителот поднесе жалба по која Вишиот управен суд донесе Решение УЖ-2.бр.195/2022 од 09.02.2023 година со кое ја уважи жалбата, пресудата на Управниот суд ја укина и предметот го врати на повторно разгледување и одлучување со образложение дека, Управниот суд при донесување на својата пресуда сторил суштествени повреди на одредбите на постапката, нецелосно ја утврдил фактичката состојба и погрешно го применил материјалниот закон, со напатствија  Управниот суд да изведе докази на усна јавна расправа, правилно и целосно да ја утврди фактичката состојба и со изведување на докази правилно да го примени материјалниот закон и да одлучи по сите тужбени барања содржани во петитумот на тужбата.

По донесувањето на решението на Вишиот управен суд УЖ-2 бр.195/2022 од 09.02.2023 година, тужбата У-6.бр.721/2021 во Управниот суд е презаведена под У-6.бр.131/2023.

Во повторна постапка, постапувајќи по укажувањата на Вишиот управен суд дадени во наведеното решение, Управниот суд на ден 22.03.2023 година закажа и одржа јавна расправа во која откако судијата – известител го изложи предметот, даде збор на полномошникот на тужителот кој изјави дека останува во се како кон тужбата и тужбените наводи. Во врска со постапката по барањето за спојување на концесиите И... 6 и И... 11 поднесено  до Министерот за ....., истакна дека барањето е поднесено на 28.01.2016 година односно, пред да се поднесе Барањето за издавање на дозвола за експлоатација кое е поднесено на 25.07.2016 година и укажа дека првостепениот орган требал да ја сочека одлуката на Владата за спојување на концесиите, па дури тогаш да одлучува за барањето за издавање на дозвола за експлоатација на минерална суровина, а за што Управниот суд се има произнесено во пресудата У-6.бр.575/2019 од 31.03.2020 година и Вишиот управен суд во решението

УЖ.-2 бр.195/2022 од 09.02.2023 година. Во однос на оспорената одлука, покрај наведеното во тужбата, додаде дека неспорно е дека постои поднесено барање за издавање на дозвола за експлотација за концесија И... 6, за што потврдува и Државниот Правобранител во одговорот на тужба.

Претставникот на тужениот орган на јавната расправа изјави дека останува во целост во досега изнесените наводи во одговорот на тужбата и во текот на целата постапка. Додаде дека, Одлуката на Владата за еднostран раскин на концесијата е основана и донесена врз основа на Закон и дека согласно член 55 став 2 од Законот за минерални суровини, концесионерот е должен да ја достави целокупната техничка документација таксативно наведена во овој член и да ја приложи кон барањето за дозвола со цел истото да се смета за комплетно и по кое може да се постапува. Укажа дека, тужителот има доставено барање за издавање на дозвола, меѓутоа истиот и покрај дадените дополнителни рокови, барањето не го комплетирал, поради што Министерството за ... како надлежен орган, донел решение со кое се одбива барањето за издвање на дозвола за експлатација како некомплетна. Истакна дека, по конечноста на ова решение, барањето за дозвола на тужителот се смета како да не било доставено и согласно тоа Министерството за ... има доставено до Владата предлог Одлука за еднostран раскин на договорот за концесија согласно членот 51 став 1 алинеја 8 од Законот за минерални суровини според кој, концесијата ќе се одземе кога не е поднесено барање за дозвола во законски утврдениот рок и врз основа на ова, Владата ја има донесено оспорената одлука. Во однос на тужбеното барање за спојување на концесиите, претставникот на тужениот орган изјави дека останува на изнесеното во досегашните наводи и смета дека спојувањето на концесии е засебна постапка и неспоива со постапката за издавање дозвола за експлотација.

Во реплика на излагањето на претставникот на тужениот орган, полномошникот на тужителот изјави дека Барањето за издавање на дозвола за експлоатација не може да се смета дека не било поднесено, од причина што истото било одбиено, а не отфрлено од страна на Министерот за економија со укажување дека, самото одбивање значи дека јавниот орган навлегол во меритумот на барањето и одлучил да го одбие, но не и да го отфрли барањето. Истакна дека, со ова се потврдува фактот дека тужениот орган погрешно утврдил дека тужителот како концесионер, нема поднесено барање за издавање дозвола за експлоатација за Иловица 6. Во однос на неисполнување на условите со барањето за издавање на дозвола за експлотација, укажа дека Управниот суд се има јасно изјаснето во пресудата У-6.бр.575/19.

На прашање на Судот, која е законската поткрепа на дадените

наводи на тужениот орган дека, кога со барањето не е приложена целокупната документација и кога поради тоа истата се одбива, се смета дека Барањето за издавање на дозвола за експлотација не е поднесено, претставникот на тужениот орган одговори дека истото е согласно член 56 став 1 алинеја 2 од Законот за минерални суровини, на што полномошникот на тужителот побара Судот при одлучувањето да ја има во предвид целосната содржина на членот 56 од Законот за минерални суровини.

Судот на одржаната расправа ги допушти и изведе доказите доставени од тужениот орган и прилозите кон тужбата и тоа: Одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-руди на бакар и злато бр.41-4681/1 од 16.06.2012 година, објавена во Службен Весник на РМ бр.81/2012, Договор за концесија бр.24-4563/1 од 24.07.2012 година склучен со Влада на Република Македонија, Анекс на Договорот бр.24-564/1 од 22.01.2014 година за промена на називот на тужтелот, Договор за концесија бр.24-4563/1 од 23.09.2014 година, Анекс на Договор бр.24-4170/1 од 22.06.2015 година, Договор за концесија бр.24-40/2 од 13.01.2016 година со Анекс бр.24-2729/1 од 17.04.2018 година за концесија за експлоатација на руда на локалитетот И... и Н... С..., Барање за спојување на двете соседни концесии за експлоатација на минерална суровина – руди на бакар и злато (Иловица 6 и Иловица 11) од 28.01.2016 година, Записник од извршен теренски увид на Министерството за .. бр.24-962/2 од 08.02.2016 година, Информација до Влада на РМ од Министерството за .. бр.24-2676/1 од 13.04.2018 година, Барање за издавање на дозвола за експлоатација на минерална суровина – руди на бакар и злато на локалитетот с.И.. во општина Б... до Министерството за .. бр.24-4490/1 од 25.07.2016 година, Известување на барање од 02.12.2016 година, Дополнување на барањето за издавање на Дозвола за експлоатација на минерална суровина - руди на бакар и злато на локалитетот с.И... во Општина Б.. до Министерството за .. бр.24-618/1 од 03.02.2017 година, Ургенција за решавање на управниот предмет по барање за спојување на концесиите од 02.02.2018 година и од 16.02.2018 година,Решение бр.24-3391/2 од 08.07.2019 година на Министерството за .., Решение на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен УП бр.0810-102 од 05.09.2019 година,Пресуда на Управниот суд У-6.бр.24/2020 од 21.10.2020 година, Решение на Вишиот управен суд УЖ-2.бр.87/2021 од 08.07.2021 година, Пресуда на Управниот суд У-6.бр.721/2021 од 05.10.2021 година, Решение на Вишиот управен суд УЖ-2.бр.195/2022 од 09.02.2023 година, оспорената Одлука на Владата на Владата на Република С.М. за еднostран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина на локалитетот с.И.. Општина Б...бр.45-7466/1 од 16.12.2019 година и Предлог Одлука за еднострaн раскин на предметниот договор за концесија на Министерството за .. до Генералниот секретаријат

на Владата на РСМ бр.24-3391/10 од 01.10.2019 година, доставен од страна на тужениот орган на одржаната јавна расправа. Управниот суд во повторно спроведената постапка, постапувајќи по напатствијата на Вишиот управен суд дадени во решението УЖ-2.бр.195/2022 од 09.02.2023 година, притоа имајќи ги во предвид наводите на тужителот во тужбата и доказите приложени кон истата, списите во предметот и одговорот на тужба доставени од тужениот орган, одговорот на одговор на тужба даден од полномошникот на тужителот, наводите на полномошникот на тужителот и на претставникот на тужениот орган дадени на јавната расправа, како и прецизираните тужбени барања од страна на полномошникот на тужителот на самата расправа, најде дека тужбата на тужителот изјавена против Одлука на Владата на Република С.М. за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина на локалитетот с.И...Општина Б.. бр.45-7466/1 од 16.12.2019 година е основана, од следните причини:

Согласно член 51 став 1 точка 7 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/2012...и 7/2019), Владата еднострано ќе го раскине договорот за концесија за експлоатација во случај кога концесионерот не поднесе барање за издавање на дозвола за експлоатација во рокот од член 54 став 1 на овој закон.

Согласно член 54 став 1 алинеја 1 од истиот Закон, по склучување на договорот за концесија за експлоатација, концесионерот е должен да поднесе барање за издавање на дозвола за експлоатација во рок од четири години за енергетски и метални минерални суровини.

Согласно член 56 став 1 алинеја 1 и 2 од истиот Закон, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини со решение ќе го одбие барањето од членот 55 став (1) од овој закон, ако: - барањето за издавање на дозвола за експлоатација не е поднесено во рокот определен со членот 54 од овој закон и - барањето не ја содржи документацијата утврдена во членот 55 став (2) од овој закон. Согласно став 2 од истиот член, против решението од ставот (1) на овој член во рок од 15 дена може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Согласно член 103 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија бр.38/05.. и 51/11), Роковите се сметаат на денови, месеци и години. Кога рокот е определен по денови, денот во кој е извршено доставувањето или соопштението, односно во кој паѓа настанот од кој треба да се смета траењето на рокот, не се засметува во рокот туку за почеток на рокот се зема првиот нареден ден. Рокот што е определен по месеци, односно по години, се завршува со истекот на оној ден, месец односно година, кој по својот број му одговара на денот кога е извршено доставувањето или соопштението, односно на денот во кој паѓа настанот од кој се смета траењето на рокот. Ако тој ден го нема во последниот месец, рокот се завршува со последниот ден на тој месец. Завршувањето на рокот може да се означи и со извесен календарски ден.

Согласно член 104 став 1 од истиот Закон, Почетокот и текот на роковите не го спречуваат неработни денови, деновите на државни и други празници и неработни денови кои се празнуваат. Согласно став 2 од истиот член, Ако последниот ден на рокот паѓа во деновите од ставот (1) на овој член, рокот истекува на првиот нареден работен ден.

Согласно член 35 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на РСМ“ бр.96/2019), законитоста на оспорениот управен акт судот ја испитува во границите на барањето од тужбата, но притоа не е врзан со причините на тужбата.

Согласно член 60 став 1 од истиот Закон, Ако судот најде дека оспорениот управен акт е незаконит, со пресуда ќе го усвои тужбеното барање, ќе го поништи оспорениот поединечен управен акт и самиот ќе ја реши управната работа (пресуда во спор на полна јурисдикција), при што пресудата во целост го заменува поништениот поединечен акт.Согласно став 3 алинеја 2 од истиот член, по исклучок од ставот (1) на овој член, судот ќе го поништи оспорениот поединечен управен акт и ќе го врати на повторно одлучување на органот кој го донел, доколку природата на управната работата не дозволува одлучување во полна јурисдикција, односно не може целосно да ги утврди фактите по суштинските прашања и треба во управната постапка да се утврди вистинската фактичка состојба. Согласно став 5 од истиот член доколку судот го поништи управниот акт и предметот го врати на органот кој го донел управниот акт, во пресудата ќе му нареди на тужениот орган да донесе поединечен акт во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата. При тоа тужениот орган е врзан за правното мислење на судот во однос на примената на материјалното право и за неговите ставови кои се однесуваат на постапката.

Во конкретниот случај, видно од списите во предметот произлегува дека врз основа на Одлука за доделување на концесија за експлатација на минерални суровини/руди на бакар и злато бр. 41-4681/1 од 16.06.2012 година (“Службен весник на РМ“ бр. 81/12), помеѓу Владата на РМ застапувана од Министерство за ... како концедент и Друштво за производство, промет и услуги Ф... Д... В... ДООЕЛ С. како концесионер, бил склучен Договор за концесија бр.24-6749/1 од 24.07.2012 година за експлатација на минерални суровини - руди на бакар и злато на локалитетот с.„И..“ во општина Б... согласно одредбите од Законот за минерални суровини (“Службен весник на РМ“ бр.136/12). Со Решение за упис на промени со деловоден број 30120130000235 од 04.01.2013 година, издадено од Централен ... на РМ, променет е називот на концесионерот од Друштво за производство, промет и услуги Ф...Д.. В...ДООЕЛ С., во Друштво за производство, промет и услуги Е.. Р.. ДОО С.. Врз основа на член 139 од Законот за минерални суровини (“Службен весник на РМ“ бр.136/12, 25/13, 93/13 и 44/14), извршено е усогласување на наведениот Договор од 24.07.2012 година со одредбите на овој Закон и склучен е нов Договор за концесија бр.24-4563/1 од 23.09.2014 година со кој престанува да важи Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина бр.24-4563/1 од 24.07.2012 година. Со цел доуредување на одредбите за пренос на концесијата за експлоатација, склучен бил и Анекс на Договорот бр. 24-4170/1 од 22.06.2015 година. На ден 13.01.2016 година, тужителот како концесионер, со Владата на РМ застапувана од Министерство за .. како концедент склучил уште еден Договор за концесија бр.24-40/1 за експлоатација на минерална суровина, руди на бакар и злато на локалитетот с.Иловица во Општина Б... и Н..С... кој потоа е изменет со Анекс бр.24.2729/1 од 17.04.2018 година. На ден 28.01.2016 година, тужителот врз основа на член 61 од Законот за минерални суровини поднел барање за спојување на двете соседни концесии (Иловица 6 и Иловица11) поради рационална и економична експлоатација на минерална суровина. Тужителот, како концесионер, на ден 25.07.2016 година до Министерството за ... поднел Барање за издавање на дозвола за експлоатација на минерална суровина, руди на бакар и злато на локалитетот с.И.... во општина Б... заведено под бр.24-4490/1 и Дополнување на барањето заведено под број 24-618/1 од 02.02.2017 година. Министерството за .. на ден 08.07.2019 година донело Решение бр.24-3391/2 со кое е одбиено наведеното барање и дополнување на барањето за издавање на дозвола за експлатација на минерални суровини - руди на бакар и злато на локалитетот „с.И...“, општина Б.... Во меѓувреме, односно по поднесување на Дополнувањето кон Барањето за издавање на дозвола за експлоатација на минерална суровина, тужителот на ден 02.02.2018 година поднел Ургенција за решавање на управниот предмет по барањето за спојување на концесиите од 28.01.2016 година, а на 16.02.2018 година, поднел и Дополнување на ургенцијата од 02.02.2018 година.

По донесување на наведеното Решение на Министерството за ... бр.24-3391/2 од 08.07.2019 година, Владата на РСМ ја донела сега оспорената Одлука број 43-7466/1 од 16.12.2019 година.

Оценувајќи ја законитоста на оспорената Одлука, Управниот суд во повторно спроведената постапка притоа водејќи се од напатствијата на Вишиот управен суд дадени во решението УЖ-2 бр.195/2022 од 09.02.2023 година, наоѓа дека е незаконита и со истата е повреден законот на штета на тужителот.

Имено, Вишиот управен суд во наведеното решение укажал дека првостепениот суд без одржување јавна расправа изведувал факти кои се однесуваат на вистинитоста на содржината од ставот 1 од оспорената Одлука на Владата на Република С.М. бр.45-7466/1 од 16.12.2019 година кој гласи „Со оваа одлука Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - руди на бакар и злато на локалитетот “И....“, Општина Б... бр.24-4563/1 од 23.09.2014 година и Анекс на Договорот бр.24-4170/1 од 22.06.2015 година, еднострано се раскинуваат од страна на концедентот, бидејќи концесионерот нема поднесено барање за издавање на дозвола за експлоатација на минерална суровина во рок од четири години по склучување на Договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини“.

Имено, првостепениот суд утврдувал кога концесионерот го поднел барањето за издавање дозвола, односно утврдувал дали барањето било ненавремено и кога било поднесено, иако за оваа правна работа веќе е донесено Решение бр.24-3391/2 од 08.07.2019 во друга постапка од страна на надлежниот орган - Министерот за ... кое решение дури по правосилноста правно обврзува.

Во врска со наведеното укажување на Вишиот управен суд, Судот закажа и одржа јавна расправа на која од изведените докази односно од приемниот печат на Министерството за ..., утврди дека тужителот Барањето за издавање на дозвола за експлоатација на минерални суровини го поднел на ден 25.07.2016 година, односно во период од неполни две години од денот на склучување на Договорот за концесија бр.24-4563/1 од 23.09.2014 година кој Договор еднострано се раскинува со сега оспорената Одлука, со образложение дека концесионерот нема поднесено барање за издавање на дозвола за експлоатација на минерални суровини во рок од четири години по склучување на истиот. Оттука, Судот утврди дека наведеното Барање за издавање на дозвола за експлоатација на минерални суровини е поднесено во законски пропишаниот рок согласно член 54 став 1 алинеја 1 од Законот за минерални суровини.

Од друга страна пак, ако се земе во предвид и Договорот за концесија бр.24-4563/1 од 24.07.2012 година, како прв договор склучен по донесување на Одлуката на Владата на РМ за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-руди на бакар и злато бр.41-4681/1 од 16.06.2012 година, кој договор престанал да важи со склучување на Договорот за концесија бр.24-4563/1 од 23.09.2014 година согласно одредбите на Законот за минерални суровини (“Службен весник на РМ“ бр.136/12, 25/13, 93/13 и 44/14) кој еднострано е раскинат со оспорената Одлука на Владата на РСМ бр.45-7466/1 од 16.12.2019 година, Судот најде дека и во овој случај Барањето за издавање на дозвола за експлоатација на минерални суровини е поднесено во законски пропишаниот рок од 4 години согласно Законот за минерални суровини кој важел во времето на склучувањето на првиот Договор од 24.07.2012 година, притоа имајќи ги предвид одредбите од член 103 и член 104 од ЗОУП кои се однесуваат на сметањето на роковите.

Исто така, од увидот во списите на предметот Судот утврди дека, Министерството за .. Барањето за издавање на дозвола за експлоатација на минерални суровини од 25.07.2016 година го прифатило како навремено и одлучувајќи по истото донело Решение бр.24-3391/2 од 08.07.2019 година со кое го одбило барањето со образложение дека истото не ја содржело комплетната документација предвидена во членот 55 став 2 од Законот за минерални суровини, а не затоа што истото не е поднесено во рок од четири години по склучување на Договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини. Во постапка по жалба, од страна на Државната комисија за.....донесено е Решение УП.број.0810-102 од 05.09.2019 година со кое жалбата е одбиена како неоснована, кое решение е поништено со Пресуда на Управниот суд У-6.бр.575/2019 од 31.03.2020 година. Во повторно спроведена постапка, Државната комисија за ... донела решение УП.број 0810-102 од 28.12.2020 година со кое повторно ја одбила како неоснована жалбата на сега тужителот, против кое решение е покренат управен спор пред Управниот суд  по кој постапката се уште е во тек односно не е правосилно завршена.

Имајќи ја предвид ваквата фактичка и правна состојба по предметот, Управниот суд најде дека оспорената Одлука на Владата на Република Северна Македонија за еднostран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина на локалитетот с.И..Општина Б. бр.45-7466/1 од 16.12.2019 година е незаконита и со истата е повреден законот на штета на тужителот. Имено, имајќи ја во предвид содржината на оспорената Одлука во која како причина за раскин на предметниот Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина бр.24-4563/1 од 23.09.2014 година е наведено дека концесионерот нема поднесено барање за издавање на дозвола за експлоатација на минерална суровина во рок од четири години по склучување на Договорот за концесија за .. на минерални суровини, за Судот останува нејасно врз основа на кои докази тужениот орган утврдил дека концесионерот Барањето за издавање на дозвола за експлоатација на минерални суровини од 25.07.2016 година го нема поднесено во рок од четири години по склучување на предметниот Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина. Отука, Судот цени дека тужениот орган при донесувањето на оспорената Одлука, погрешно и нецелосно ја утврдил фактичката состојба во врска со рокот на поднесувањето на барањето за издавање на дозвола за експлоатација на минерални суровини, без притоа да даде објаснување и образложение за донесување на таква одлука како што налагаат правилата на управната постапка.

При одлучувањето, Управниот суд ги ценеше наводите на тужениот орган во одговорот на тужба во врска со поднесување на предметното барање во законскиот рок и изјавата на претставникот на тужениот орган дадена на одржаната јавна расправа дека, тужителот имал доставено барање за издавање на дозвола, меѓутоа истиот и покрај дадените дополнителни рокови барањето не го комплетирал поради што Министерството за ... како надлежен орган донело решение со кое барањето се одбива како некомплетно, поради што и се смета како барањето да не било поднесено, но истите ги оцени како неосновани со оглед дека истите не наоѓаат законска поткрепа и се без влијание за поинакво одлучување.

Судот укажува дека, фактот што самиот орган - Министерството за ... потврдува дека предметното барање било поднесено и дека по тоа барање истиот се впуштил во одлучување и донел решение со кое барањето го одбил како неосновано што е видно од списите на предметот и изведените докази на јавната расправа, како и од одговорот на тужба даден од страна на Државниот Правобранител за подрачје С. и изјавата на претставникот на тужениот орган дадена на одржаната јавна расправа, неспорно произлегува дека на ден 25.07.2016 година до Министерството за .. тужителот поднел Барање за издавање на дозвола за експлоатација на минерална суровина, руди на бакар и злато на локалитетот с.И... во општина Б... заведено под бр.24-4490/1, наспроти утврденото во оспорената Одлуката на Владата на РСМ за еднostран раскин на предметниот Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина бр.24-4563/1 од 23.09.2014 година, во која како причина за еднострaн раскин на предметниот договор е наведено дека концесионерот нема поднесено барање за издавање на дозвола за експлоатација на минерална суровина во рок од четири години по склучување на Договорот за концесија за експлоатација на минерални суровини.

При повторното постапување, тужениот орган треба да ги има предвид укажувањата на Управниот суд во оваа Пресуда, дадени согласно напатствијата на Вишиот управен суд во Решението УЖ-2.бр.195/2022 од 09.02.2023 година, во смисла на обврските кои произлегуваат од предметниот Договор за концесија бр. 24-4563/1 од 23.09.2014 година склучен помеѓу Владата на РСМ и приватниот партнер Е.. Р.. ДОО С., и во таа насока да спроведе постапка во која правилно и целосно ќе ја утврди фактичката состојба односно со сигурност ќе утврди дали постои причина за еднострaн раскин на Договорот за концесија од страна на концедентот предвидена во членот 51 став 1 од Законот за минерални суровини, и да донесе правилна и законита Одлука.

Управниот суд при одлучувањето го имаше во предвид и посебното барање во петитумот на тужбата со кое тужителот бара Судот да го задолжи тужениот орган да одлучи по Барањето за спојување на концесии бр.24-962/1 од 28.01.2016 година, поднесено до Министерството за економија за кое Вишиот управен суд во Решението УЖ-2 бр.195/2022 од 09.02.2023 година со кое се укинува Пресудата на Управниот суд У6.бр.721/2021 од 05.10.2021 година, укажал дека постапката за спојување претставува претходно прашање и дека решавањето на ова прашање и донесување на одлука на Владата на РСМ по барањето за спојување е облигаторна обврска, но истото не го прифати. Ова од причини што, Судот смета дека истото претставува посебно правно прашање односно посебна постапка за која надлежниот орган до кого е доставено ваквото барање, согласно правилата на управната постапка е должен да постапува и да донесе соодветен управен акт. Поради наведеното, Судот одлучи истото да го отфрли.

При ваква состојба на работите, имајќи предвид дека природата на конкретнава управна работа не дозволува одлучување во полна јурисдикција со оглед дека предметната постапка е поврзана со друга постапка која се води пред тужениот орган односно со постапката по барањето за издавање на дозвола за експлоатација на минерална суровина, која не е правосино завршена, следуваше Судот согласно членот 60 став 3 алинеја 2 од Законот за управните спорови, оспорената Одлука на Владата на РСМ да ја поништи и предметот го врати на повторно разгледување и одлучување на тужениот орган.

При одлучувањето, Управниот суд го имаше во предвид укажувањето на Вишиот управен суд дадено во Решението УЖ-2.бр.195/2022 од 09.02.2023 година дека, Управниот суд треба да се произнесе по сите тужбени барања во петитумот на тужбата, но со оглед дека полномошникот на тужителот на самата јавна расправа при излагањето и во завршни зборови ги прецизира тужбените барања, Судот одлучи само по прецизираните тужбени барања како во изреката на оваа Пресуда.

Одлучувајќи по барањето на полномошникот на тужителот за надомест на трошоците во постапката, Судот, согласно член 148 став 1 и член 149 од ЗПП, во врска со член 86 од Законот за управните спорови и согласно успехот во спорот, одлучи да го задолжи тужениот орган да му ги надомести на тужителот трошоците во постапката во вкупен износ од 24.104,00 денари од кој износ: 7000,00 денари за состав на тужба, зголемен со износ од 2.100,00 денари 30% паушал и 1.638,00 денари 18% ДДВ, 7.000,00 денари за едно застапување, зголемен со износ од 2.100,00 денари 30% паушал, 1.820,00 денари 20% сатнина, 1.966,00 денари 18% ДДВ и 480,00 денари такса за тужба.

Пресудено во Управниот суд на ден 30.03.2023 година под У-6.бр.131/2023.

Записничар - виш судски референт
Славица Лазароска

Претседател на совет - Судија
Рамије Цара

ПРАВНА ПОУКА:
Против оваа пресуда не е дозволена жалба, а согласно членот 69 став 4 од Законот за управните спорови.

Против овие решенија дозволена е жалба во рок од 15 дена по приемот на истите преку овој Суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Р.С.М., банка на примач НБРСМ, судски такси од правни лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, во спротивно ќе се наплати присилно преку Управата за јавни приходи зголемена за 50%.

Пресудата да се достави на:
-Тужителот преку полномошник Жарко Хаџи-Зафриров
адвокат од Адвокатско друштво БОНА ФИДЕ од С.
-Тужениот орган- Владата на Република С.М.

Претседател на совет - Судија
РН/ Рамије Цара